**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

## за VIII одделение

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Француски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Јас и другите***<br>• ***Секојдневен живот***<br>• ***Слободно време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | - компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла;<br>- нагледни средства, постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боици, фломастери и сл.<br>- учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн). |
| **Норматив на наставен кадар** | - студии по француски јазик и литература - наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и книжевност - наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- двопредметни студии по македонски и француски јазик, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- студии по француски јазик и литература/книжевност - друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска наобразба (доквалификација) за наставата по француски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.12 | да разбере изрази и најчесто употребуван вокабулар кој се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пример, основни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-А.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-А.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-А.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-А.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности; |
| II-А.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика; |
| II-А.18 | да користи низа изрази и реченици за да ги опише, со едноставни зборови, семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-А.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки кои произлегуваат од секојдневната потреба. |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со познавањето повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето други јазици се развива интерес и почит за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето други јазици се развива почит за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин е потребно и ефективно користење на ИКТ за решавање на некоја задача/проблем; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби. |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето. |

**Личен и социјален развој**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| V-А.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување); |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа |

| | |
|---|---|
| | да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го приспособи сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |

| | |
|---|---|
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**Општество и демократска култура**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно дејствување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |

| | |
|---|---|
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

**Техника, технологија и претприемништво**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко окружение и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи кои се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културната разноликост влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Тема 1: ЈАС И ДРУГИТЕ<br>Вкупно часови: 18</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере глобално и детално краток слушнат и/или пишан текст со опис на карактерни особини;<br>2. ги опише усно своите и карактерните особини на друго лице од своето блиско окружение;<br>3. ги опише своите карактерни особини и особините на друго лице во многу краток едноставен текст.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>А) Говорни чинови (actes de parole):<br>• Опишување карактерни особини (свои или на друго лице);<br>• Опишување лице (физички изглед и карактерни особини).</td><td>• Разбира глобално краток слушнат и/или пишан текст со едноставен опис на карактерни особини на некое лице;<br>• Издвојува информации од едноставни слушнати/пишани текстови за опишување карактерни особини на некое лице;<br>• Го опишува усно својот карактер;<br>• Опишува усно другар/ка, член на своето семејство (физички изглед и карактерни особини);<br>• Составува краток едноставен текст во кој се опишува себеси или друго лице.</td></tr>
<tr><td>Б) Лексички единици:<br>• Карактерни особини (најчесто користени придавки): timide, bavard/-e, amusant/-e, souriant/-e, calme, gentil/-ille, attentif/-ive, sérieux/-euse, ouvert/-e, communicatif/-ive… ;<br>• Описни придавки за физички изглед (повторување од претходните одделенија).</td><td>• Разбира најчести описни придавки поврзани со опис на карактерни особини;<br>• Идентификува зборови и изрази поврзани со опис на карактерни особини во слушнат/пишан текст;<br>• Се изразува усно со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Именува основни поими со кои се опишуваат карактерни особини на лице;</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Објаснува значење на зборови кои означуваат карактерни особини;<br>• Употребува зборови и изрази при усно разменување информации за опис на карактерни особини;<br>• Употребува зборови и изрази во реченици со кои се опишува лице (физички изглед и карактерни особини). |
| **В)** Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална*;* извична).<br>• Нови содржини:<br>- согласување на придавките (accord des adjectifs);<br>- степенување на придавките (degrés de comparaison: le comparatif);<br>- релативни заменки (pronoms relatifs): qui, que. | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>• Употребува соодветни форми на описни придавки во даден контекст;<br>• Искажува споредба на придавки во даден контекст;<br>• Ги употребува релативните заменки *qui, que* во даден контекст. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Карактерни особини на адолесцентите. | • Опишува карактерни особини на своите врсници. |

**Примери на активности:**

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- Слушање, разликување и изговор на гласовите. Пр. учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр.: слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Подредување зборови во кратки реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.

- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- *Банка на зборови*. Учениците се потсетуваат на познатите зборови кои служат за опишување лице, преку натпревар. Во тимови, наизменично кажуваат именки и придавки и добиваат по еден поен за секој збор. Наставникот ги запишува зборовите на табла. Тимот со најмногу поени е победник.
- *Доаѓање до значењето.* Учениците, во парови, гледаат слики (на пример од ликовите од стрипови *Dilan Dog* или друг стрип) со описни придавки (во машки род) дадени под сликите. Прават претпоставки за значењето на придавките и ги запишуваат, на мајчин јазик, до соодветната придавка. Потоа заеднички, со помош на наставникот ги проверуваат претпоставките и доаѓаат до значењето на придавките дадени под сликите.
- *Родот кај придавките.* Во табела со две колони, учениците, во парови, во левата колона ги препишуваат придавките дадени под сликите од претходната активност. Во десната колона ја запишуваат формата за женски род на секоја од придавките од левата колона, правејќи претпоставки. Ги кажуваат одговорите и потоа заеднички, со помош на наставникот, доаѓаат до правилото за образување женски род кај придавките.
- *Je suis…*, *Je ne suis pas…* Наставникот служејќи се со топка, ја воведува активноста преку пример *Je suis calme, je ne suis pas timide. Et toi?* и ја подава топката на еден ученик, кој откако ќе се опише според дадениот пример од наставникот, ја подава топката на друг ученик.
- *Jeu de compliments*. Секој ученик кажува по една позитивна карактеристика, а наставникот ги запишува на табла. Потоа секој ученик му дава комплимент на ученикот до себе употребувајќи некоја од напишаните придавки и внимавајќи на родот на придавката.
- *Le personnage mysterieux*. Еден ученик излегува од училницата, а останатите се договараат кој ќе биде таинствената личност. Кога ќе се врати во училницата, ученикот прашува: *C'est un garçon ou c'est une fille? Il/ elle est comment?* Останатите ученици од одделението одговараат опишувајќи ја личноста. Почнуваат со опис на карактерните особини на таинствената личност, а потоа може да додадат што сака/ не сака да прави, како и опис на физички изглед. Накрај, ученикот треба да погоди која е таинствената личност. Активноста може да се повтори.
- *Le blason.* Во однапред подготвен модел на беџ (нацртан или прикажан на табла) секој ученик внесува карактерни особини за себе: три позитивни особини, две негативни особини, две желби каков сака да биде, кои карактеристики да ги има и сл. На него може да нацрта симбол кој ќе биде како негов личен заштитен знак. Накрај, секој ученик го презентира својот беџ пред одделението и го закачува на пано во училницата.
- *Доаѓање до правилото*. Наставникот дава примери за реченици со степенување придавки илустрирани со слики. Пр. *Astérix est moins grand qu'Obélix. Obélix est plus fort qu'Astérix. Obélix est aussi sympa qu'Astérix*. Речениците ги запишува на табла. Преку

набљудување на примерите, учениците го откриваат начинот на кој се врши споредување на придавките.

- *Активност за увежбување.* Учениците усно составуваат реченици со кои искажуваат споредба на физички и карактерни особини на свои другари/-ки од одделението.
- *Компарација*. Секој ученик изработува една картичка со своето име и друга со придавка по избор. Во едно купче се ставаат картичките со имиња на учениците, а во другото оние со придавки. Потоа еден ученик влече по две картички со име и по една картичка со придавка и прави споредба меѓу избраните ученици (може да се направи и трето купче со картички со знаците + , - , =).
- *Поврзување реченици со релативна заменка*. Наставникот дава пример за две едноставни реченици што потоа ги поврзува во една реченица со помош на релативна заменка (Пр.: *Il y a un plat sur la table. Il est délicieux. = Le plat qui est sur la table est délicieux*). Потоа учениците го следат примерот и составуваат реченици во кои ќе употребат релативна заменка. *Je regarde un film. Ce film est très intéressant. = Je regarde un film qui est très intéressant. Tu lis un livre. Il est très connu. = Le livre que tu lis est très connu*.
- *Devine!* Учениците опишуваат личност преку асоцијации со употреба на релативни заменки. Се тргнува од општ и се оди кон конкретен опис. Ги читаат описите пред одделението, а останатите треба да погодат која е личноста. (Пр. *C'est une dame qui est gentille et calme. C'est une dame que tu rencontres chaque jour à l'école. C'est une enseignante qui aime les nombres.*)
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија, осумнасочник, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или веќе постоечки на страниците на: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- Слушање/ читање со разбирање текст и одговарање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM):

  *-Coucou, je m'appelle Julien, j'ai 13 ans et je suis en classe de huitième. Mes copains et moi, nous sommes tous différents, nous avons tous nos qualités et nos défauts. Alors, je vous présente ma bande que j'adore. Le garçon qui est plus grand que moi s'appelle Nicolas. Il est très calme. La fille brune et petite, c'est Marie. Elle est gentille et attentive. Pierre est un garçon blond. Il est bavard et amusant. On aime bien ses blagues. Corinne est intelligente et ambitieuse. Elle veut devenir médecin. Et moi, je suis toujours souriant, parfois distrait et un peu timide.*

  *Le Bélier est courageux et généreux. Le Taureau est calme et aime la nature. Les Gémeaux sont intelligents. Le Cancer est loyal. Le Lion n'est pas méchant, mais dominant. Les Vierges sont modestes et honnêtes. La Balance aime la musique et l'art. Elles sont communicatives et gentilles. Les scorpions sont un peu jaloux, mais ils sont généralement généreux et sympathiques. Le Sagittaire est généreux et parfois impatient. La liberté et la sagesse sont les principales caractéristiques de ce signe astrologique. Le Capricorne est*

*sincère, honnête et il peut être avare. Le Verseau peut être coléreux, et généralement ce sont des personnes intelligentes et généreuses. Le poisson peut être timide, loyal et surtout généreux. Votre signe du zodiaque correspond-il à votre caractère?*

- Усно изразување:

  *-Ma sœur est ma meilleure amie. Elle s'appelle Monique. Elle est grande avec les cheveux bruns et longs. Elle est très gentille et toujours souriante. Je l'adore.*

  *-Je suis aussi attentif que Martin. Mais je suis moins fort en mathématiques.*
- Усна интеракција:

  *-Il est comment ? - Il est grand, brun, un peu timide et sérieux.*

  *-Quels sont tes qualités et tes défauts ?*
- *Писмено изразување*. Учениците пишуваат краток едноставен текст со опис на физичкиот изглед и на карактерните особини на некоја личност. Потоа ги читаат текстовите и дискутираат за опишаните карактерни особини од аспект на тоа кои се позитивни, а кои негативни.
- *Игра на имагинација* : *À qui sont ces chaussures ?*. Наставникот ги дели учениците на групи и на секоја група ѝ дава различна слика од обувки. Учениците даваат претпоставки за следново: кому му припаѓаат обувките, кое е можното име на личноста, на која возраст е таа, како изгледа личноста, какви се нејзините карактерни особини, какви вкусови има, која професија ја извршува. Потоа секоја група составува краток едноставен текст и еден претставник од групата го чита пред другите ученици.
- Проектна задача: *Mon copain/ma copine*. Учениците прават фотографија од еден соученик. Потоа ја уредуваат со помош на мобилен телефон или компјутер и на сликата додаваат зборови и/или кратки реченици за опис на соученикот. Изработките се прикажуваат на проектор и се презентираат.
- Проектна задача: *C'est ma classe de VIIIème*. Секој ученик си го пишува името на ливче, наставникот ги собира ливчињата, а потоа секој извлекува по едно ливче. Учениците го опишуваат другарот/другарката чие име го извлекле. Пишуваат на ливчиња-лепенки што потоа ги лепат на заеднички постер со наслов *C'est ma classe de VIIIème.* На постерот може да залепат и фотографии од учениците или една заедничка фотографија.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 2: СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ**

Вкупно часови: 36

**Резултати од учење:**

| Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере глобално и детално кратки слушнати искази поврзани со купување, нарачување и плаќање храна и пијалаци;<br>2. бара / Дава информации за  количина и цена при купување во продавница;<br>3. нарача храна / пијалаци во ресторан, кафуле и да побара сметка;<br>4. составува краток едноставен текст за минати активности. | |
|---|---|
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **А) Говорни чинови (actes de parole)**:<br>• Барање/давање информации при купување во продавница за храна;<br>• Нарачување храна / пијалаци во ресторан, кафуле;<br>• Барање сметка и плаќање во ресторан, кафуле;<br>• Искажување минати дејства со едноставни реченици. | • Разбира едноставен слушнат и/или пишан текст поврзан со темата купување во продавница;<br>• Разбира едноставен слушнат и/или пишан текст поврзан со нарачување храна и пијалаци и плаќање во ресторан/кафуле;<br>• Бара и дава информации при купување во продавница за храна;<br>• Разменува информации во усна интеракција при нарачување храна и пијалаци и плаќање во ресторан /кафуле;<br>• Искажува минати дејства во краток едноставен текст. |
| **Б) Лексички единици:**<br>• Храна и пијалаци (повторување и проширување на вокабуларот од 7 одд.): *fromage, œufs, pain, beurre, confiture, lait, céréales, biscuits, eau, thé, café, jus, yaourt, croissant, huile, fruits, jambon, viande, poisson, riz, …; cher/bon marché;*<br>• Продавници : *supermarché, épicerie, boulangerie, boucherie, pâtisserie, poissonnerie, marché…;*<br>• Количина: *un kilo de… , un litre de... , un verre/une tasse de ..., une bouteille de… , un morceau de…, une boîte de…, un paquet de…* ;<br>• Основни поими во ресторан и во кафуле: *le restaurant, le menu, le plat du jour, le repas de midi, l'entrée, le plat principal, la boisson, le dessert, l'addition;*<br>• Јадења и пијалаци во ресторан и во кафуле: *soupe, potage, salade, sandwich, gâteau, glace, steak-frites,* | • Разбира зборови и изрази поврзани со храна, пијалаци и продавници;<br>• Набројува зборови и изрази што означуваат храна, пијалаци и продавници;<br>• Разбира и употребува, во едноставни реченици, основни поими во ресторан: храна и прибор за јадење;<br>• Пренесува значење на зборови и изрази поврзани со храна, пијалаци, продавници, ресторан;<br>• Пренесува значење на основни поими поврзани со ситуација во ресторан/кафуле.<br>• Употребува зборови и изрази при купување храна и пијалаци;<br>• Применува зборови и изрази во едноставни реченици при нарачување и плаќање во ресторан/ кафуле. |

| | |
|---|---|
| *légumes cuits, poulet, filet, macarons, pâtes, pizza, boissons gazeuses, smoothie, milkshake, mousse au chocolat…*; *délicieux, sucré, salé, piquant, frais, cuit, rôti;*<br>● Прибор за јадење (основни поими): *un couteau, une fourchette, une cuillère, une assiette, un verre, une tasse, une serviette, une nappe*. | |
| **в)** Граматички содржини:<br>● Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис ),<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини)<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална*;* извична).<br>● Нови содржини:<br>- прилошка заменка (pronom adverbial): *en*;<br>- сегашно време : *payer, prendre, boire…* ;<br>- минато определено свршено време (passé composé avec *avoir*) : *J'ai acheté… / J'ai mangé… / J'ai bu… / J'ai préparé… / J'ai commandé… / J'ai déjà payé… / Vous avez décidé ?…* ;<br>- сегашно време од условен начин како учтива форма (conditionnel présent de politesse): *Je voudrais / J'aimerais commander / payer… , Je voudrais un kilo de….* | ● Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за францускиот јазик во зборови, ритмички групи, реченици;<br>● Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>● Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>● Ги употребува соодветните форми на слеаниот и на партитивниот член во даден контекст;<br>● Ја употребува прилошката заменка *en* во даден контекст;<br>● Користи соодветни форми на најчести глаголи во сегашно време;<br>● Користи соодветни форми на најчести глаголи во сегашно време од условниот начин како учтива форма (conditionnel présent de politesse);<br>● Употребува форми на глаголи во минато определено свршено време (passé composé со *avoir*) соодветни за темата. |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Јадења типични за Франција и за Македонија;<br>● Продавници и ресторани карактеристични за Франција и за Македонија;<br>● Навики поврзани со дневните оброци во Франција и во својата култура (јадења, редоследот на јадењата ...). | ● Препознава различни видови јадења и ги поврзува со соодветна култура;<br>● Ги набројува и ги објаснува сличностите и разликите поврзани со јадења типични за Франција и за Македонија;<br>● Ги набројува и ги објаснува сличностите и разликите поврзани со дневните оброци во Франција и во Македонија. |
| **Примери на активности:** | |

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- *Слушање, разликување и изговор на гласовите*. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со соодветниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- *Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик.* Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- *Вежби за разликување графеми и правопис на зборови.* Пр. слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- *Бура на идеи* : *J'aime manger… .* Учениците наизменично кажуваат што сакаат да јадат. Наставникот ги запишува зборовите на табла.
- *Доаѓање до значењето*. Учениците, во парови, поврзуваат слики кои означуваат храна и пијалаци со соодветните поими. Решенијата се презентираат пред останатите ученици, се прави нивна проверка, се вршат евентуални корекции и се дополнува зборовната листа од претходната активност на табла.
- *Je veux acheter…*, *Je vais à …* . Прикажани се слики од продавници за храна со називот на видот на продавницата. Во тимови, учениците наизменично влечат од една кутија ливчиња со зборови кои означуваат храна. По даден пример од наставникот (*Je veux acheter du pain. Je vais à la boulangerie.*), учениците кажуваат каде може да се купи производот и ливчето го лепат на табла под соодветната продавница.
- *Во продавница*. Наставникот пушта видео преку кое учениците се запознаваат со говорните чинови за разговор во продавница (поздравување, барање производ, плаќање и заблагодарување). При второто гледање на видеото, со паузи, учениците ги повторуваат зборовите и изразите. Потоа наставникот дели работни листови со табела со две колони. Во левата колона се напишани говорни чинови (поздравување, барање производ, барање цена, искажување количина, плаќање и заблагодарување), а во десната колона по измешан редослед се дадени поими и изрази со кои се реализираат тие говорни чинови. При третото гледање на видеото, учениците ги поврзуваат елементите од двете колони.
- *Драматизација на разговор во продавница*. Учениците во парови влечат ливче со име на продавница (супермаркет, месарница, пекарница …) и подготвуваат драматизација за ситуација во соодветната продавница. Потоа играат по улоги, а останатите ученици погодуваат за која продавница станува збор.
- *Воведување во passé composé со глаголот avoir.* Наставникот ја воведува темата кажувајќи што јадел утрото/купил вчера. Потоа им поставува прашање на учениците и го запишува на табла: *Qu'est-ce que tu as mangé ce matin?/ Qu'est-ce que tu as acheté hier?* Им помага на учениците да одговорат така што почетокот на одговорот го запишува на табла: *Ce matin, j'ai mangé … Hier, j'ai acheté…*. Потоа ги наведува учениците да дојдат до заклучок дека употребиле минато време и да откријат како се образува. Се проверуваат претпоставките и се систематизира правилото.

- Вежба со подредување зборови во кратки реченици во кои е употребено *passé composé* со глаголот *avoir.*
- *Dans le frigo*. Прикажана е слика од фрижидер во кој се наоѓа пакувана храна. Наставникот прашува што има во фрижидерот, а учениците набројуваат (*Dans le frigo, il y a du lait, du fromage, des fraises...*). Наставникот ги запишува зборовите на табла. Потоа поставува прашања во врска со количината на секој производ (*Combien de lait y a-t-il dans le frigo? Колку млеко има во фрижидерот*). Учениците одговараат на мајчин јазик, а наставникот до дадените зборови ги пишува поимите/изразите за количина (*une bouteille de jus de fruits, un morceau de fromage*). Со помош на дадените примери (наставникот ги подвлекува / визуелно ги истакнува партитивниот член, изразот за количина и партитивното *de* што следува по него) учениците доаѓаат до правилото за употреба на партитивното „de".
- *Активност за увежбување.* Учениците во тимови добиваат различни слики со фрижидер во кој се наоѓа храна. Секој тим поставува прашања за да ги погоди продуктите што ги има на сликата на другиот тим. Победник е тимот што прв ќе ги открие сите продукти.
- *Заменката „en"*. Наставникот запишува на табла примери со заменката *en* од типот: *Il y a de l'eau? Oui, il y en a une bouteille / Tu as des pommes? Oui, j'en ai un kilo.*, според кои учениците ја воочуваат употребата на оваа заменка.
- *Активност за увежбување лексика.* Учениците, последнователно во парови, прашуваат и одговараат што има на слика на којашто се прикажани прехранбени продукти. Пр.: *Il y a du fromage? Oui, il y en a un kilo. / Il y a du lait? Oui, il y en a un litre.*
- *Мени*. Учениците пребаруваат на интернет примери за мени од француски и македонски ресторани, за да се запознаат од што се состои менито, каков е редоследот на јадењата и се обидуваат да дојдат до значењата на поимите и главните изрази поврзани со ресторантско мени.
- *Игра по улоги*: *Во ресторан во Франција*. Во групи од тројца, учениците најпрвин бираат едно мени од претходната активност, а потоа ја играат по улоги следнава ситуација: *Tu es en France avec tes parents. Ils ne parlent pas français. Vous allez dans un restaurant et tu leur expliques ce qui est dans le menu*.
- Дискусија во која учениците ги објаснуваат сличностите и разликите поврзани со јадења типични за Франција и за Македонија.
- Дискусија за сличностите и разликите поврзани со дневните оброци во Франција и во Македонија.
- *Во ресторан*. Учениците преку видео се запознаваат со говорните чинови карактеристични за ситуација во ресторан. Наставникот поставува неколку прашања за глобално разбирање. При второто гледање на видеото со паузи, учениците ги повторуваат изразите.
- *Подредување реченици*. Учениците работат во парови или во мали групи. Секоја група добива неколку ливчиња, а на секое од нив е напишана една реченица од дијалогот што се одвива во ресторан. Задачата е да се подредат ливчињата според правилен редослед за да се состави дијалогот. Потоа постепено се драматизира разговор во ресторан (сцена1- поздравување и

пречекување гости, сцена 2- нарачување храна и пијалаци и сцена 3- барање сметка, плаќање, заблагодарување и отпоздравување ).

- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн-вежби со дополнување, поврзување, спарување, меморија, осумнасочник, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или достапни преку алатките: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно/неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации  или прашања со повеќечлен избор (QCM):
  *Chère Caroline,*
  *Comme tu sais, j'adore les week-ends et les sorties avec mes amis. Samedi soir, nous avons mangé dans un restaurant français. Comme entrée nous avons pris une salade niçoise et comme plat des moules-frites et du couscous. Nous avons bu du vin rouge. Et comme dessert nous avons commandé une crème brûlée et des crêpes au chocolat. C'était délicieux. Je te propose de venir avec nous la prochaine fois pour goûter les plats français.*
  *À bientôt !*
  *Grosses bises,*
  *Patricia*
- Усна интеракција:
  *-Bonjour Madame, Monsieur, voulez-vous commander quelque chose ?*
  *-Oui, je voudrais prendre un steak-frites, s'il vous plaît.*
  *-Et pour moi,…*
  *-Une salade niçoise.*
  *-Et comme entrée / dessert ?*
  *-Et pour boire ?*
  *-Apportez-nous une bouteille d'eau plate, s'il vous plaît.*
  *-…*
  *-L'addition, s'il vous plaît.*
  *-Vous payez en espèces ou par carte bancaire ?*
  *-Merci et au revoir, Monsieur.*

  *-Bonjour, vous désirez ?*
  *-Je voudrais deux kilos de bananes, s'il vous plaît.*
  *-Voilà. C'est tout*

*-Oui, c'est combien ?*
*-Trois euros, Madame.*
*-Merci et bonne journée*!

- *Писмено изразување.* Учениците составуваат краток едноставен текст од дадени глаголи од наставникот за нивните активности од петходниот ден/викенд.
- Проектна задача: *Најдобар ресторан.* Учениците се поделени во групи. Во секоја група се делат улогите (келнер и гости). Секоја група го уредува својот ресторан. Смислуваат име, составуваат мени, ја уредуваат масата. Потоа, секоја од групите врши драматизација соодветна на типот на ресторанот (француски, македонски, италијански, вегетаријански,...). Учениците од останатите групи ја следат драматизацијата и ја оценуваат според однапред дефинирани критериуми (уредувањето на масата, менито, точноста на изговорот и на употребените говорни чинови, оригиналноста, …). На крајот, по сумирањето на поените од сите групи, се избира најдобриот ресторан.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 3: СЛОБОДНО ВРЕМЕ**
Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере глобално и детално едноставен слушнат и/или пишан текст со опис на минати активности од слободното време;
2. разбере глобално и детално едноставен слушнат и/или пишан текст со опис на одбележувањето празник;
3. искаже усно/разменува информации за минати активности поврзани со слободното време;
4. напише краток едноставен текст за минати активности од своето слободно време;
5. напише краток едноставен текст со опис на одбележување празник.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **А) Говорни чинови (actes de parole)**:<br>• Искажување минати дејства;<br>• Честитање празник;<br>• Опишување начин на одбележување празник. | • Разбира главни информации од едноставен слушнат и/или пишан текст со опис на минати активности од слободното време;<br>• Издвојува зборови и изрази од едноставен слушнат и/или пишан текст поврзани со активности од слободното време;<br>• Опишува усно како го поминал викендот, распустот, претходниот ден, и сл.;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на еден минат |

| | |
|---|---|
| | настан од своето слободно време;<br>• Разбира главни информации од едноставен слушнат и/или пишан текст поврзан со одбележување празник;<br>• Опишува усно омилен празник;<br>• Честита празник/ одговара на честитките при усна интеракција;<br>• Составува кратки едноставни електронски пораки /честитки за да честита празник;<br>• Составува краток едноставен пишан текст со опис на омилен празник. |
| **Б) Лексички единици:**<br>Зборови и изрази во врска со активности во слободното време: *vacances, voyage, internet, jeux vidéo, sport, musique, fête, faire la fête…;*<br>• Зборови и изрази поврзани со забави, празници: *gâteau, boissons, galette des rois, crêpes, chercher des œufs, se déguiser, poisson d'avril, décorer le sapin, feux d'artifice,...;*<br>• Имиња на празници: *Noël, Le jour de l'an / le Nouvel An, Pâques, La fête du travail, l'Épiphanie, la fête nationale, les Toussaints…*<br>• Честитање празник:<br>*Bonne fête! Joyeuses Pâques! Bonne Année! Joyeux Noël !* | • Разбира и набројува поими што означуваат активности од слободното време;<br>• Објаснува зборови и изрази поврзани со активности од слободното време;<br>• Употребува поими и изрази, при усно искажување, поврзани со активности од слободното време;<br>• Пренесува зборови и изрази поврзани со одбележување празници;<br>• Употребува поими и изрази поврзани со празници;<br>• Употребува изрази за честитање празник. |
| **В)** Граматички содржини:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична). | • Разликува и правилно изговара одредени гласови во зборови, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува усно со доволно правилен изговор за да биде разбран/-а;<br>• Ги употребува соодветните форми на најчестите глаголи во минато определено свршено време;<br>• Ги употребува соодветните форми на прилошките заменки *en*, y; |

<table>
<tr><td>

- Нови содржини:
  - неопределени придавки (adjectifs indefinis): *chaque, tout(s)/toute(s)*;
  - прилошки заменки (pronom adverbiaux): *en, y*;
  - прилози за време (adverbes de temps): *hier, avant-hier, …* ;
  - минато определено свршено време (Passé composé avec *être*) : *Je suis arrivé(e), je me suis reposé(e)…*

</td><td>

- Ги употребува соодветните форми на неопределени придавки: *chaque, tout(s)/toute(s)*;
- Ги употребува соодветните форми на прилозите за време: *hier, avant-hier, …*

</td></tr>
<tr><td>

г) Содржини за дискусија:

- Празници во Франција и во Македонија.

</td><td>

- Препознава и искажува сличности и разлики во врска со одбележувањето празници во Франција и во Македонија.

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Примери на активности:**

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка.
- Слушање, разликување и изговор на гласовите. Пр. учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за францускиот јазик. Пр. повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр. слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *Бура на идеи.* Наставникот ја запишува на табла темата: *Les losirs*. Учениците кажуваат поими и изрази поврзани со темата, а наставниот ги запишува на табла. Потоа ја дополнува листата со нови изрази, потребни за реализирање на активностите од темата.
- *Активност за воочување*. Наставникот им дели работен лист на учениците со текст во кој се опишува мината активноста од слободното време (со глаголи во *passé composé*) и со табела од две колони. Учениците ги подвлекуваат глаголските форми на *passé composé* во текстот и ги запишуваат во табелата: во левата колона глаголите кои се менуваат со помошниот глагол *avoir*, а во десната колона тие кои се сменети со помошниот глагол *être*.
- *Доаѓање до правилото*. Учениците ја подвлекуваат формата на глаголите во „partcipe passé” од десната колона од табелата од работниот лист од претходната активност и ја воочуваат разликата со тие од левата колона. Потоа даваат претпоставки за правилото на согласување на партципот со помошниот глагол *être*. На тој начин, учениците со помош на наставникот доаѓаат до начинот на образување на минатото време (passé composé) со помошните глаголи *avoir/ être*.

</td></tr>
</table>

- Глаголи што се менуваат со „avoir” / „être”. Наставникот црта на табла една табела со  две колони. Учениците ги читаат глаголите од работниот лист од преттходната активност кои се менуваат со помошниот глагол „avoir”, односно „être”, а наставникот ги запишува во соодветната колона. Учениците, заедно со наставникот, доаѓаат до правилото кои глаголи се менуваат со помошниот глагол *être.*
- *Qu'est-ce que  j'ai fait le week-end dernier?* Наставникот го запишува на табла прашањето *Qu'est-ce que j'ai fait le week-end dernier?* Учениците индивидуално одговараат и го запишуваат својот одговор на табла. Пр.: *J'ai joué au volley; Je suis allé au cinéma;  J'ai joué aux jeux vidéos …*
- *Бура на идеи*. Учениците ги кажуваат празниците што ги празнуваат во својата култура, како и празниците од други култури за кои слушнале, а наставникот ги запишува на табла. Наставникот ја дополнува листата со празниците во Франција.
- *Заеднички празници*. Учениците, во парови, ги сместуваат во Венов дијаграм празниците од својата култура и оние од францускатa за да дојдат до празниците кои се присутни и во двете култури.
- Учениците, во парови, на работно ливче ги поврзуваат изразите за честитање празници на мајчин јазик со соодветните изрази на француски јазик.
- *Честитање празник*. Наставникот покажува слика/фотографија која илустрира празник, учениците последователно ги кажуват изразите за честитање на тој празник. Останатите ученици внимателно слушаат и на секој точен одговор креваат рака.
- Наставникот им дели картички на учениците со асоцијација за празник: Нова година, Велигден, 14 Јули, 8 Септември … Откако ќе извлече картичка, секој ученик пишува израз на француски јазик за честитање празник.  Накрај, учениците го кажуваат и го запишуваат  напишаното на табла, а наставникот дава усна повратна информација за точноста на одговорите.
- *Карактеристики на празници*. Учениците се делат во повеќе групи. Секоја група извлекува ливче со едноставен текст на француски јазик, во кој е опишан еден од празниците. Учениците во рамките на секоја група го читаат текстот, ги подвлекуваат главните информации за тој празник. Потоа по еден претставник од секоја група ги запишува на табла, во табела подготвена од наставникот,  информацииите за секој од празниците (датум, специјалитет, активност, …). Учениците дискутираат на француски или на мајчин јазик за сличностите и за разликите помеѓу празниците во Франција и во Македонија.
- Квиз за проверка на знаење (Kahoot, Learning Apps, Millionaire) составен од наставникот во кој се дадени прашања и карактеристики на празници во Франција. На секое прашање во квизот соодветствува слика на која е прикажан начинот на одбележување на тој празник. Ученикот го бира точниот одговор: што е карактеристично за тој празник.
- *Игра на асоцијација*. Работа во парови. Наставникот дели ливчиња со даден поим: *un muguet / une gallette de roi/ un sapin/ des feux d'artifice / des déguisments.* Едниот ученик од парот го чита поимот, а другиот ученик го кажува називот на празникот поврзан со тој поим.

- Слушање / читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Qui? Quoi? Quand? Comment? Où?*, точно /неточно (vrai/faux), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор (QCM):

  *Pierre: Salut, Théo. Tu sais quoi?*
  *Théo: Non, quoi? Dis-moi. J'écoute.*
  *Pierre: Le week-end dernier, notre équipe de basket a gagné le trophée.*
  *Théo: Mais comment? Raconte-moi.*
  *Pierre: Notre école a participé au concours municipal. Nous avons joué contre l'équipe de Phénix. Nous nous sommes placés en de finale. Nous avons gagné et à la finale nous avons joué contre l'équipe de Saint-Germain. Nous sommes très fiers de notre succès.*
  *Theo: Bravo! Félicitations!*
  *Pierre: Et toi? Qu'est-ce que tu as fait le week-end dernier?*
  *Théo: Moi, je suis allé chez mes grand-parents à la campagne. Mon grand-père et moi, nous nous sommes promenés dans la forêt et nous sommes montés en haut de la montagne pour la première fois. La vue était magnifique! J'ai pris beaucoup de photos. Nous y sommes restés deux heures et puis nous sommes rentrés à la maison. C'était une très belle promenade.*
  *Pierre: Super! Tu as passé un week-end inoubliable.*

  *Chère Anita,*

  *Je suis chez mes cousines en France. J'y passe mes vacances d' hiver. Je voudrais te parler de Noël que l'on fête le 25 décembre. C'est la plus belle fête de l' année. On décore le sapin avec des boules de toutes les couleurs. Puis, on met des couronnes et des guirlandes. Au-dessous du sapin on met des cadeaux. Les enfants adorent les cadeaux. Toute la famille se réunit à table pour le dîner. On mange toujours de la dinde, du foie gras, des fromages. Pour le dessert, on prend une tranche de bûche de Noël. On boit du vin, de l'eau, du jus de fruits. On écrit aussi des cartes virtuelles pour souhaiter ses meilleurs vœux pour Noël. Le lendemain, les enfants ouvrent les cadeaux et s'amusent. Ce sont les plus beaux moments passés en famille.*

  *À bientôt et bonnes fêtes de fin d'année,*

  *Marija*

- Усно изразување
  *-J'ai passé le week-end dernier…*
  *-Je suis allé à la campagne…*
  *-Hier, je me suis réveillé à 7 h. Je me suis lavé et je me suis habillé…*

- Усна интеракција:

  *-Qu'est-ce que symbolise le muguet ? - Le muguet symbolise le Premier Mai/ La Fête du travail.*

  *-Quel est le symbole de l'Épiphanie ? - C'est la couronne.*

  *-Qu'est-ce qu'on fait pour le Carnaval ? - On se déguise.*

  *-Qu'est-ce qu'on fait pour la Fête nationale ? - On tire un feu d'artifice./ On organise un défilé sur les Champs Elysées.*

  *-À quelle date est-ce qu'on fête Noël ? - On fête Noël le 25 décembre .*
- *Писмено изразување.* Учениците, според дадени насоки, составуваат писмо до пријател за еден минат настан (каде биле, со кого, кои активности ...)
- *Проектна задача*: изработка на постер со празници во Франција и во Македонија. Учениците се договараат за формата и содржината на постерот, а потоа ги делат задачите. Учениците, поделени во две групи, изработуваат постер со информации за празниците во Франција и во Македонија. Едната група внесува обележја за француските празници, а другата група внесува обележја на македонските празници (на француски јазик). Накрај, презентираат пред целата паралелка и го изложуваат постерот во училницата/холот на училиштето.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на француски јазик, играње улоги, драматизации.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите, наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на

дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во осмо одделение по предметот француски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- разбирањето на куси слушнати и /или пишани искази и куси дијалози, куси стихотворби, едноставни песни;
- правилното пишување зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- пишувањето кратки и едноставни реченици и текстови на зададени теми;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, …);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по Француски јазик за VIII одделение.** | бр. 12-12084/14<br>12.9.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |